# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.31 од 22.02.2016 година**

## Член 1

Во Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" број 15/15, 98/15, 193/15 и 226/15), во членот 66 став (1) зборовите: „кон барањето се поднесуваат" се заменуваат со зборовите: „за барањето се одлучува врз основа на".

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 3 и 4 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(3) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (2) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

## Член 2

Во член 67 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 3, 4 и 5 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(4) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (2) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

## Член 3

Во член 68 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(5) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (4) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

## Член 4

Во член 69 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 3, 4, 5 и 6 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(4) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (3) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

## Член 5

Во член 70 по ставот (7) се додаваат два нови става (8) и (9), кои гласат:

„(8) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 2, 4, 5, 6 и 7 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(9) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (8) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

**Член 6**

Во член 71 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:
„(3) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 2, 4, 5, 6 и 8 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за давање под долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(4) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (3) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

**Член 7**

Во член 72 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:
„(4) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 3, 4 и 5 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за давање под долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(5) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (4) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

**Член 8**

Во член 73 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:
„(3) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 3, 4, 5 и 6 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за давање под долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(4) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (3) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

**Член 9**

Во член 83 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:
„(3) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 4, 5, 6 и 7 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за давање на градежно земјиште под краткотраен закуп е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(4) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (3) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

**Член 10**

Во член 86 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 3, 4 и 5 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште во скратена постапка е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(3) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (2) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.‟

**Член 11**

Во член 88 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:
„(2) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 3, 4 и 5 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Македонија е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(3) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (2) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.‟

**Член 12**

Во член 90 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:
„(4) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (1) алинеи 1, 2, 4, 5 и 6 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за засновање на право на стварна службеност на земјиште во сопственост на Република Македонија е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(5) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (4) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.‟

**Член 13**

Во член 91 по ставот (7) се додаваат два нови става (8) и (9), кои гласат:
„(8) Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот (3) алинеи 2, 3, 4 и 5 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување кое ја води постапката за засновање на право на стварна службеност на земјиште во сопственост на Република Македонија е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(9) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (8) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.‟
Ставот (8) станува став (10).

**Член 14**

По членот 130 се додава нов член 130-а, кој гласи:

**„Член 130-а**

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од органот надлежен за одлучување ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 66 став (2), 67 став (3), 68 став (4), 69 став (3), 70 став (8), 71 став (8), 72 став (4), 73 став (3), 83 став (3), 86 став (2), 88 став (2), 90 став (4) и 91 став (8) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членовите

66 став (3), 67 став (4), 68 став (5), 69 став (4), 70 став (9), 71 став (9), 72 став (5), 73 став (4), 83 став (4), 86 став (3), 88 став (3), 90 став (5) и 91 став (9) од овој закон.
(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од органот надлежен за одлучување, доколку не реши по барањето за лиценца во рокот утврден во членот 132 став (1) и член 133 ставови (1) и (2).
(4) За прекршоците од ставовите (1), (2) и (3) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд. "

**Член 15**

Во членот 132 ставови (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18) и (19) се бришат.

**Член 16**

Во членот 133 ставови (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15) и (16) се бришат.

**Член 17**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).